ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА
ОСИГУРУВАЊЕ

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански“ бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

# Акционерско друштво за осигурување Зоил Македонија

## Посебни услови за осигурување од пожар на залиха на флотантна основа

член 1

Осигурување по овие посебни услови може да склучат само правни лица кои водат пропишана книговодствена евиденција на непарични обртни средства.

член 2

Предмет на осигурување по овие посебни услови може да бидат залихи на суровини, материјали, ситен инвентар и амбалажа со рок на траење до една година, полупроизводи, недовршени производи, готови производи и трговска стока. За залиха на сите наведени предмети во понатамошниот текст ќе се користи изразот „залиха на стока“.

член 3

[1] По овие посебни услови се осигурени секојдневните количинина стока според цената на поединечни видови на стока, по коиосигуреникот книговодствено ги води, освен ако не е поинакудоговорено. Во тој случај може да се направи договор за соодветно зголемување на цените на залихите на стоката во процент над нивната книговодствена вредност.

[2] Книговодствените вредности на залихата на стоката, односно договореното соодветно зголемување на книговодствените вредности се валоризираат со индексот на трошоци за живот во Република Македонија во тековната осигурителна година доденот на ликвидација на штетата.

член 4

[1] За осигурувањата за кои се применуваат овие посебни услови важат и општите услови кои се наведени во полисата, доколку несе во спротивност со овие услови.

[2] Кога ќе настане осигурен случај, осигурувачот за секоја оштетена или уништена залиха на стока плаќа соодветен надомест од осигурување, кој се одредува врз основа на член 3 од овие посебни услови и општите услови, кои се наведени во полисата.

[3] Ако набавната цена на поединечни видови стока е пониска од цената од член 3 од овие посебни услови, осигурувачот поосигурениот случај ја признава набавната цена, но не повеќе од пазарната цена, зголемена за зависните трошоци (превоз, складирање, итн.).

[4] Принципот на пропорционалност, како последица од подосигурување, не се применува кај овој начин на осигурување.

член 5

[1] За осигурувањата за кои се применуваат овие посебни услови, премијата за осигурување се пресметува два пати годишно и тоа како аконтација на почетокот на осигурителната година и како пресметка на истекот на тековната осигурителна

ЗОИЛ МАКЕДОНИЈА АД Битола
ул. „Јане Сандански" бр.15,
7000 Битола, Р.С. Македонија
e-mail:info@zoil.mk

година.

[2] Основа за пресметка на премијата за осигурување е просечната месечна, односно тримесечна (квартална) книговодствена вредност на осигурените залихи за стока од изминатата осигурителна година (која може да биде во согласност со став1 од член 3 од овие посебни услови и соодветно зголемена). До основата за пресметка на премијата се доаѓа така што збиротод месечните или кварталните состојби на книговодствените вредности на осигурените залихи на стока од изминатата година се делат со 12, односно со 4. Книговодствените состојби на вредности се земаат на последниот ден во месецот.

[3] Аконтацијата на премијата за осигурување се пресметува од основата за пресметка на премијата од став 2 од овој член со примена на евентуален посебен договор за зголемување на вредноста на залихата на стока над нивната книговодствена вредност и корекција со фактор со кој се корегираат просечните месечни или тримесечни вредности на залиха на стока од претходната година на ниво на вредноста на 31 декември од претходната година.

[4] Пресметката на премијата за осигурување, по истекот на тековната година на осигурување се извршува само за ново набавените, односно отуѓените залихи на стока. Ако во согласност со став 1 од член 3 од овие посебни услови е осигурено соодветното зголемување на цените на залихата на стока над нивната книговодствена вредност, истото се зема предвид при пресметката на премијата.

Пресметката се извршува само доколку разликата на просечната вредност на залихата е поголема за (+ или -) 10%.